**1**
**септември**

# Денес ќе отпочне примената на Законот за **слободен пристап** до **информациите** од јавен карактер

Koma lab.

ФИООМ во соработка со 13 локални невладини организации, во периодот пред отпочнувањето на примената на законот, спроведе набљудување на обезбедувањето на ова право од страна на државните органи и јавните претпријатија.

**Резултатите од истражувањето упатуваат на тоа дека имателите на информации од јавен карактер, со цел целосно да ги исполнат законоските обврски, треба особено да внимаваат на следново:**

- **Да доставуваат навремен одговор на барањата**
- **Задолжително да ги примаат барањата**
- **Да не наплатуваат административна такса за поднесување на барање, а доколку наплатуваат надомест за покривање на трошоците за добиена информација тој да биде во висина на реалните материјални трошоци.**
- **Јавните претпријатија да ги зголемат своите капацитети и ниво на свесност за примената на законот и остварувањето на правото за пристап до инфомации од јавен карактер.**

Истражувањето покажа дека само 36,3% од барањата добиваат одговор, или одговор добива секое трето прашање. За жал, најголем дел од барањата не добиваат никаков одговор односно администрацијата молчи дури во 37.04% во случаите. Или, повеќе од половина барања (51.85%) не ги добиле бараните информации.

Дури во 34 случаи (или 12.59%) барателите немаа можност да го поднесат барањето, односно институциите одбиваа истите да ги примат.

Во недостиг на законска рамка, институциите наплатуваа различни и често нереални трошоци за дадените информации.
Ова е особено значајно бидејќи Владата на РМ сè уште го нема донесено актот со кој ќе ја утврди висината на надоместот за материјалните трошоци за добиена информација (фотокопија, препис, или електронски запис). Оваа обврска произлегува од законот и требаше да биде исполнета најдоцна до 8 јуни 2006 година.

Истражувањето покажа дека јавните претпријатија се далеку позатворени од останатите институции. Само 18.06% или едвај едно од пет поднесени барања добија одговор.

# САКАМЕ ОТВОРЕНА ВЛАСТ!

## КОЈА НЕМА ДА ГИ ПОВТОРУВА СТАРИТЕ ГРЕШКИ!



**Комисијата за заштитата на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер одлучува по жалби. Адресата за контакт на комисијата е бул. Гоце Делчев 66 (зграда на МРТ на 14 кат). Тел. 02/3127-453.**
**www.sinf.gov.mk.**

**Постојано да ги шириме рамките на демократијата!**

FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Член на:
Freedom of Information Advocates Network

# 1
**септември**

## Денес ќе отпочне примената на Законот за **слободен пристап** до **информациите** од јавен карактер

Koma lab.

ФИООМ во соработка со 13 локални невладини организации, во периодот пред отпочнувањето на примената на законот, спроведе набљудување на обезбедувањето на ова право од страна на државните органи и јавните претпријатија.

**Резултатите од истражувањето упатуваат на тоа дека имателите на информации од јавен карактер, со цел целосно да ги исполнат законоските обврски, треба особено да внимаваат на следново:**

- **Да доставуваат навремен одговор на барањата**
- **Задолжително да ги примаат барањата**
- **Да не наплатуваат административна такса за поднесување на барање, а доколку наплатуваат надомест за покривање на трошоците за добиена информација тој да биде во висина на реалните материјални трошоци.**
- **Јавните претпријатија да ги зголемат своите капацитети и ниво на свесност за примената на законот и остварувањето на правото за пристап до инфомации од јавен карактер.**

Истражувањето покажа дека само 36,3% од барањата добиваат одговор, или одговор добива секое трето прашање. За жал, најголем дел од барањата не добиваат никаков одговор односно администрацијата молчи дури во 37.04% во случаите. Или, повеќе од половина барања (51.85%) не ги добиле бараните информации.

Дури во 34 случаи (или 12.59%) барателите немаа можност да го поднесат барањето, односно институциите одбиваа истите да ги примат.

Во недостиг на законска рамка, институциите наплатуваа различни и често нереални трошоци за дадените информации.
Ова е особено значајно бидејќи Владата на РМ сè уште го нема донесено актот со кој ќе ја утврди висината на надоместот за материјалните трошоци за добиена информација (фотокопија, препис, или електронски запис). Оваа обврска произлегува од законот и требаше да биде исполнета најдоцна до 8 јуни 2006 година.

Истражувањето покажа дека јавните претпријатија се далеку позатворени од останатите институции. Само 18.06% или едвај едно од пет поднесени барања добија одговор.

# САКАМЕ ОТВОРЕНА ВЛАСТ!

## КОЈА НЕМА ДА ГИ ПОВТОРУВА СТАРИТЕ ГРЕШКИ!



**Комисијата за заштитата на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер одлучува по жалби. Адресата за контакт на комисијата е бул. Гоце Делчев 6б (зграда на МРТ на 14 кат). Тел. 02/3127-453.**
**www.sinf.gov.mk.**

**Постојано да ги шириме рамките на демократијата!**

FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Член на:
Freedom of Information Advocates Network